**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**Државна комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен**

# ПЛАН НА АРХИВСКИ ЗНАЦИ ЗА РАСПОРЕДУВАЊЕ НА АКТИТЕ ЗА 2018 ГОДИНА

**Скопје, ноември 2017 година**

## I ОПШТ ДЕЛ

## ОСНОВАЊЕ, ОРГАНИЗАЦИЈА И РАЗВОЈ-01

**0101** – Документи/записи за основање, регистрација и статусни промени (одлука за основање, договор за основање, пријава за упис и сл.), општи акти на органот кои произлегуваат од надлежноста и дејноста на Државната комисија (колективни договори, правилници, упатства и сл.), акти за организацијата и систематизација на работни места, деловник за работа, и сл.

**0102** – Програми и планови за работа и развој (перспективни, годишни, периодични) и Извештаи за работењето ( годишни и периодични).

**0103** - Анализи, елаборати, студии, проекти, информации и слично за работата и дејноста на Државната комисија;

## УПРАВУВАЊЕ И РАКОВОДЕЊЕ - 02

**0201** – Акти, материјали и записници од работата на Државната комисија (одлуки, решенија, упатства, наредби, инструкции, овластувања) и материјали што произлегуваат од донесените одлуки.

**0204** – Акти и материјали од работата на раководниот орган ( претседател, заменик претседател, членови на комисија, генерален секретар и сл.)

**0205** – Материјали од работата на стручните и советодавни органи ( Колегиум, Стручен колегиум и сл.)

**0206** – Записници, заклучоци, извештаи, информации од работата на постојани, повремени комисии и работни групи

## КАНЦЕЛАРИСКО – АРХИВСКИ, ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ-03

**0301** – Книги за основна евиденција на документите во канцелариското работење (деловодници, уписници и сл.) и помошни книги за евиденција ( книги за печати и штембили, книги за реверси, регистри, попис на документи/записи, доставни книги и сл.);